# ОД НЕДЕЛА ПО ПОЛНОЌ ПОЧНУВА ИЗБОРНИОТ МОЛК

**Скопје, 11 јули 2020 година** – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги известува радиодифузерите дека **од утре по полноќ (од 13 јули), заклучно со 21:00 часот на 15 јули,** важат правилата за изборен молк за време на Предвремените парламентарни избори 2020 година.

За време на молкот, медиумите продолжуваат да известуваат за изборниот процес, но престануват сите облици на изборно медиумско претставување, на учесниците во изборната кампања.

Според Изборниот законик, за прекршување на изборниот молк се смета емитувањето какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои се открива идентитетот на политички субјекти и/или поединци вклучени во инциденти или неправилности на денот на гласањето; како и изјави од кандидати во изборниот процес, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта.